Студентски Клуб

### *ПРИЧИНИТЕ ЗА БОЛКИ ПРИ ПОРОДУВАЊЕТО*

"А на жената (Бог) íрече: 'Ќе ти ги умножам и преумножам маките кога си бремена; со болки ќе раѓашдеца, и ќе бидеш под власта на мажот свој, и тој ќе ти биде господар!'" *Битие 3:16*

### *МЕНЗИСОТ ВО БИБЛИЈАТА*

"Кога жена има излив на крв, што тече од нејзиното тело, треба да биде одделена седум дена додека е нечиста; и СЕКОЈ ШТО ЌЕ СЕ ДОПРЕ ДО НЕА, ДА БИДЕ НЕЧИСТ до вечерта, и сé, на што ќе легне таа, додека трае ОЧИСТУВАЊЕТО нејзино, да е нечисто; и сé, НА ШТО ЌЕ СЕДНЕ ТАА, ДА Е НЕЧИСТО. И секој што ќе се допре до постелата нејзина, треба да ја испере облеката своја и да го измие со вода телото свое, и ќе биде нечист до вечерта. А и секој, што ќе се допре до што и да било, НА ШТО СЕДЕЛА ТАА, ДА ГИ ИСПЕРЕ АЛИШТАТА СВОИ и да се измие со вода, па ќе биде нечист до вечерта. И ако некој се допре до што и да било што е на постелата нејзина, или на што и да е, на што седела таа, НЕЧИСТ ДА БИДЕ ДО ВЕЧЕРТА. А ако со неа биде некој, нечистотијата нејзина ќе мине на него: ќе биде нечист седум дена, и секоја постела НА КОЈА ЌЕ ЛЕГНЕ ТОЈ, ќе биде нечиста. Ако некоја жена има излив на крв многу денови, но не во текот за време на очистувањето нејзино, и ако таа има излив подолго од нејзиното обично ЧИСТЕЊЕ, сé додека трае нечистотијата нејзина, нечиста е како за време на ЧИСТЕЊЕТО свое. Секоја постела, на која ќе легне таа во деновите на изливот нејзин, да биде нечиста како и постелата за време на нејзиното ЧИСТЕЊЕ; и сé она, на што ќе седне таа, да биде нечисто, поради нечистотијата нејзина. И СЕКОЈ ШТО ЌЕ СЕ ДОПРЕ ДО НЕА, ДА БИДЕ НЕЧИСТ, да ги испере алиштата свои и да го измие телото свое, НЕЧИСТ ДА Е ДО ВЕЧЕРТА. А кога жената ќе се исчисти од изливот свој, да изброи седум дена и потоа ќе биде чиста. Во осмиот ден да земе две грлици или два млади гулаба и да му ги однесе на свештеникот при влезот од скинијата на сведоштвото." *Левит 15:19-29*

### *ПОСТПАРТУМОТ (ВРЕМЕТО ПОСЛЕ ПОРАЃАЊЕТО) ВО БИБЛИЈАТА*

"…кога жената ќе забремени и роди МАШКО ДЕТЕ, нечиста ќе биде седум дена…а ако роди ЖЕНСКО ДЕТЕ, нечиста да е четиринаесет дена…" *Левит 12:2-5*

### *ПОСЛЕ ПОЛОВ ОДНОС*

"Ако некому му се случи излив на семе во сон; тогаштој треба да го измие со вода целото тело свое и ќе биде нечист до вечерта; секоја облека или кожа, на која ќе се излие семе, треба да се испере со вода и ќе биде нечист до вечерта." *Левит 15:16-17*

"Ако маж легне со жена своја со излиено семе, тие и обајцата треба да се измијат со вода и ќе бидат нечисти до вечерта." *Левит 15:18*

### *УТЕШУВАЈТЕ СЕ СО НИВ !!*

"...И УТЕШУВАЈ СЕ СО ЖЕНАТА на твојата младост. Нека ти е мила како кошута и како срна драга; НЕЈЗИНИТЕ ГРАДИ НЕКА ТЕ ДОПИРААТ ВО СЕКОЕ ВРЕМЕ, СО ЉУБОВТА НЕЈЗИНА НАСЛАДУВАЈ СЕ ПОСТОЈАНО;"
*Книги Соломонови Изреки 5:18-19*

"…Имаме сестра, која е уште мала: уште нема гради; што ќе правиме со сестрата наша, ако дојдат по неа сватови?… Јас сум карпа И ИМАМ ГРАДИ КАКО КУЛИ." *Книга песна над Песните 8:8-10*

### *ВЕЛОТ (ПОКРИВКАТА) НА ЖЕНАТА ВО БИБЛИЈАТА*

"…и секоја жена, која се моли или пророкува гологлава, ја срамоти главата своја, зашто сеедно е како да е истрижена. Ако жената не сака да се покрива, тогаш нека се стриже: ако, пак, е срамно жената да се стриже или бричи, тогашнека се покрива;"
*1 Коритјани 11:5-6*

ПРЕСУДЕТЕ САМИТЕ; дали е пристојно жена да му се моли на Бога со откриена глава? (Се чини дека Христијаните не се свесни за обврската за покривката во Библијата, кое ме натера да ги ставам овие стихови во оваа книга, а оние што ја напаѓаат покривката во Исламот треба да ги забележат овие стихови од нивната Библија, а исто така да го забележат и овој стих:

"Не судете, за да не бидете судени; оти, со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери."
*Матеј 7:1-2*

### *ЖЕНАТА НЕ Е СЛАВА НА БОГ*

"И така, мажот треба да ја покрива главата своја зашто е образ и слава Божја, а жената е слава на мажот. Оти не е мажот од жената, туку жената од мажот; и мажот не е создаден за жената, туку жената за мажот."
*1 Коритјани 11:7*

### *ДА ОСТАНАТ МИРНИ!*

"Жената да се учи во мир и потполно покорство. На жена не í позволувам да поучува, ниту да господари над мажот, туку да биде мирна. Бидејќи порано беше создаден Адам, а потоа Ева; и Адам не беше измамен, туку жената беше измамена и направи престап..."
*1 Послание до Тимотеја 2:11-14*

### *ТИШИНА ВО ЦРКВИТЕ*

"Жените ваши по црквите да молчат: ним не им е дозволено да зборуваат, туку да се покоруваат, како што вели и Законот. Ако, пак, сакат да научат нешто, нека ги прашаат мажите свои дома; зашто срамно е жена в црква да зборува." *1 Послание до Коритјаните 14:34-35*

### *ЖЕНАТА Е ЗЛО!*

"И, ете, одеднашсе издигна парче олово, а таму една жена седеше врз ефата. Ми рече тој (ангелот): таа жена е беззаконието..." *Книга на пророк Захарија 5:7*

### *БОГ ЧИНИ ЛУЃЕТО ДА ПРЕЉУБОДЕЈСТВУВААТ*

Бог му рекол на Амасија "Ти велиш: не пророкувај против Израилот и не кажувај зборови против домот Исаков. Затоа, еве, што вели Господ: ЖЕНАТА ТВОЈА ЌЕ БИДЕ ОБЕСЧЕСТЕНА во градот, синовите твои и ќерките твои ќе паднат од меч."
*Книга на пророкот Амос 7:16-17*

"…ете, тие го отфрлија словото Господово..ЗАРАДИ ТОА ЖЕНИТЕ НИВНИ ЌЕ ИМ ГИ ДАДАМ НА ДРУГИ." *Книга на пророкот Јеремија 8:9-10*

"…па, поради многуте беззаконија, ќе се кренат твоите поли (здолништа), И ТВОИТЕ ПЕТИ СЕ СОГОЛИЈА….Затоа, ќе ти биде кренета полата твоја врз лицето твое, за да се види срамотијата твоја. Го видов твоето прељубодејство и твоите бесни похоти и гнасотии по височинките и по полињата." Книга на пророкот *Јеремија 13:22-27*

### *ДА СЕ СОКРИЕ ЖЕНСКИОТ ГЛАС!*

"Жените ваши по црквите да молчат: ним не им е дозволено да зборуваат, туку да се покоруваат, како што вели и Законот. Ако, пак, сакат да научат нешто, нека ги прашаат мажите свои дома; зашто срамно е жена в црква да зборува." Прво послание до Коритјаните 14:34-35

"Исто така и жените, облечени пристојно, со срамежливост и чесност да се украсуваат, не со плетенки, ни со злато, или со бисери, или со скапоцени облеки, туку со добри дела…" *Прво послание до Тимотеја 2:9*

### *ЖЕНАТА ЗА МАЖОТ*

"…и секоја жена, која се моли или пророкува гологлава, ја срамот главата своја, зашто сеедно е како да е истрижена. Ако жената не сака да се покрива, тогашнека се стриже; ако, пак, е срамно жена да се стриже или бричи, тогаш нека се покрива. И така, мажот не треба да ја покрива главата своја, зашто е образ и слава Божја, **а жената е слава на мажот. Оти не е мажот од жената, туку жената од мажот; и мажот не е создаден за жената, туку жената за мажот.** Затоа жената треба да има на главата своја знак од власта на мажот над неа поради ангелите." *Прво послание до Коритјаните 11:5-10*

### *КАКО ДА ГО СПАСИ СВОЈОТ СОПРУГ*

"Кога се тепаат меѓусебе двајца мажи, и жената на едниот од нив се приближи за да го оттргне мажот свој од оној што го бие, и, откога ќе ја испружи раката своја, го фати за слабините, пресечи íја раката: да не ја пожали окото твое." *Повторени закони 25:11-12*

### *ПРИНУДЕН БРАК!!*

"Кога браќата живеат заедно, и едниот од нив умре без пород, жената на умрениот не смее да се омажи за надворешен маж, но деверот нејзин треба да влезе при неа, да ја земе за жена и да живее со неа..."
*Повторени закони 25:5*

### *ШТО ДОКОЛКУ ТОЈ ОДБИЕ?*

"Ако, пак, тој не посака да ја земе за жена снаата своја, тогашснаата негова да отиде кај портата на старешините и да каже: 'братот на мојот маж не сака да го подигне името на братот свој во Израилот, не сака да се ожени со мене.' И старешините на градот негов да го повикаат и да му зборуваат, и ако тој стане и каже: 'не сакам да ја земам,' тогашснаата негова нека дојде при него пред очите на старешините, да собуе еден чевел од неговата нога, да да го плукне в лице и да каже: 'така се постапува со човек, кој не го подига домот на братот свој во Израилот'; и ќе му извадат име во Израилот: 'ДОМ НА СОБУЕНИОТ'" *Повторени закони 25:7-10*

### *ЧЕСТИТИ ЖЕНИ!*

"…И најдов, дека погорчливо од смртта е жената, зашто таа е мрежа, срцето нејзино стапица, рацете нејзини окови; добриот пред Бога ќе се спаси од неа, а грешникот ќе биде уловен од неа….што уште бараше душата моја, и не го најде? Маж најдов еден на илјада, но жена меѓу сите нив не најдов." *Книга Проповедник 7:26-28*

### *УБИВАЈТИ ГИ ЖЕНИЕ, ДЕЦАТА, ЖИВОТНИТЕ!*

И Господ рече “Одете по него во градот и убивајте; вашето око да не жали, и не штедете: СТАРЕЦ, МОМЧЕ И ДЕВОЈКА, МЛАДЕНЕЦ И ЖЕНА, БИЈТЕ ГИ ДО СМРТ…” *Книга на пророк Језекиил 9:5*

“И му рече Господ на Мојсеја, велејќи: 'Одмазди им се на Мадијамците…И отидоа во војна против Мадијам, како што му заповеда Господ на Мојсеја, и ги убија сите од машкиот пол…Мадијамските, пак, жени и децата нивни синовите Израилеви ги зедоа во плен; и сиот нивни добиток, и сите стада нивни, и целиот имот нивни го заграбија; сите градови нивни во нивно владение и сите села нивни со оган ги изгореа…и се разгневи Мојсеј на воените началници…па им рече: 'ЗАШТО ГИ ОСТАВИВТЕ ЖИВИ СИТЕ ЖЕНИ?…А СЕГА, УБИЈТЕ ГИ СИТЕ ДЕЦА ОД МАШКИ ПОЛ, УБИЈТЕ ГИ И СИТЕ ЖЕНИ, што познале маж на машко легло; а сите деца од женскиот пол, кои не познале машко легло, оставете ги живи за себеси.” *Броеви 31:1-18*

“ТогашИсус му рече на народот: 'Викајте, бидејќи Господ ви го предаде градот (на Канатјаните)…Златото, пак, среброто и бакарот и железото се за Господа и да се внесат во сокровиштето Господово!…и целиот народ влезе во градот, секој од своето место, И го презедоа градот. И проколна Исус сé што беше во градот, - МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ, МАЛДИТЕ И СТАРИТЕ, ОВЦИТЕ И ОСЛИТЕ; С СЕ ИСТРЕБИ СО МЕЧ.” *Книга Исус Навин 6:15*

### *УБИВАЊЕ, КИДНАПИРАЊЕ, РОБУВАЊЕ*

“…затоа Хананејците живеат меѓу Ефремовците до денес, и им плаќаат данок.” *Книга Исус Навин 16: 10*
*(види исто така во Книга Исус Навин 17:13 и Книга Судии Израилеви 1:30)*

“И општеството испрати таму дванаесет илјади души, и им дадоа заповед велејќи: 'Одете и поразете ги со меч жителите на Јавис Галадски, и жените и децата; и еве што ќе направите: 'Секој маж и секоја жена, што познава машко легло, УБИЈТЕ ГИ, а момите оставете ги живи.' Така и направија. И најдоа меѓу жителите на Јавис Галадски четиристотини МОМИ, што не познале машко легло, и ги доведоа во логорот при Силом, кој е во Ханнската земја.…И така Венијаминовите синови се вратија и им дадоа жени, што беа останале живи од жените на Јавис Галадски; но излезе, дека тие не стасуваат.“ *Книга Судии Израилеви 21:10-14*

### *ГРАБНУВАЊЕ НА ЖЕНИ !!*

“И им заповедаа на синовите Венијаминови, велејќи: 'Одете и сокријте се во лозјата, и гледајте кога ќе излезат силомските моми да играат оро, излезете од лозјата и грабнете си секој жена за себе од силомските моми, па одете си во земјата Венијаминова…Така и направија синовите Венијаминови, и зедоа според бројот свој жени од оние, што беа во орото и кои ги одзедоа…'” Книга Судии Израилеви 21:20-23

### *УБИВАЈТЕ ГИ И ОДЗЕМАЈТЕ ИМ ГИ ИМОТИТЕ*

“Кога ќе се приближишдо некој град, за да го преземеш, предложи му мир. Ако се согласи на мир со тебе и ти ги отвори портите, целиот народ што се наоѓа во него, ЌЕ ТИ ПЛАЌА ДАНОК И ЌЕ ТИ РАБОТИ. Ако, пак, не се согласи на мир со тебе, и почне да војува против тебе, опколи го;...ПОГУБИ СО СЕЧИЛОТО НА МЕЧОТ С ШТО Е МАШКО КАЈ НЕГО; САМО ЖЕНИТЕ И ДЕЦАТА, добитокот и сé што има во градот, ЗАПЛЕНЕТЕ ГО ЗА СЕБЕ И КОРИСТИ СЕ СО ПЛЕНОТ НА НЕПРИЈАТЕЛИТЕ СВОИ.”



*Поновени закони 20:10*

**Со други зборови, Библијата учи дека:**

1. Жената треба да се учи на тишина и покорување.
2. Жените не треба да учат.
3. Жените немаат авторитет над мажот и треба да молчат.
4. Адам и Ева не биле еднакви во чинење грев. Адам не бил измамен, туку Ева.
5. На жените им е наредено да бидат покорни на мажот. Бог одредил мажот постојано да владее над жената.
6. Жените треба да бидат тивки во црквите. Срамно е за нив таму да отворат уста. Доколку тие имаа некакво прашање, ќе треба да ги прашаат своите мажи пред да одат в црква и тогашнивните мажи ќе прашаат в црква во нивно име.
7. Жената не треба ниту да се моли ниту да пророкува гологлава.
8. Доколку жената се моли гологлава, сеедно е како да е истрижена.
9. Мажот беше створен како образ и слава Божја, а жената е слава на мажот, според ова мажот има моќнад нејзе.
10. Секоја жена што ќе роди машко дете, нечиста ќе биде една недела. Но, секоја жена што ќе роди женско дете, нечиста ќе биде ДВЕ недели. Според ова, женските деца ги прават своите деца ДУПЛО нечисти во споредба со машките деца.
11. Додека е можно да се пронајде честит маж на секоја илјада, невозможно е да се најде дури ниедна честита жена на секоја илјада.
12. Жената е мрежа, срцето нејзино стапица, рацете нејзини окови. Добриот пред Бога ќе се спаси од неа, а грешникот ќе биде уловен од неа.
13. Доколку жената има менструален циклус и се допре до стол или до кревет или било што друго, предметот автоматски станува нечист. Секој што ќе се допре до тие предмети исто така ќе биде нечист. Тогаштие ќе мораат да се избањаат и да ги исперат алиштата бидејќи се допреле до предмет кој го допрела жена која имала менструација.

***Библиските стихови употребени во текстот се позајмени од македонскиот превод на Светото Писмо, издание на македонска книга Скопје, II издание, 1991 (заб. прев.)

**Позајмено од:** WWW.BECONVINCED.COM
**Контакт адреса:**
e-mail: macedonia@religions.com

*Откако ќе го прочитате ова,*
*овозможете и на другите да го направат истото*

Печати:
Граѓанско здружение
Студентски Клуб

Studentski Klub

# Жената во Библијата

**ДАЛИ СЕ ЖЕНИТЕ ВО БИБЛИЈАТА ПРАВИЧНО ТРЕТИРАНИ? ДАЛИ СЕ ТИЕ ЦЕНЕТИ ОД МАЖИТЕ КАКО ИНДИВИДУИ ИЛИ КАКО РОБОВИ? ДАЛИ СЕ ТИЕ ЦЕНЕТИ И ПОЧИТУВАНИ?**




Studentski Klub